ООУ ИЛИНДЕН
КРИВА ПАЛАНКА

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**ООУ „ Илинден“ Крива Паланка**

**за период од 2022 до 2026 година**




Јануари, 2023 година

**ПРЕАМБУЛА**

Развојната програма за работа на училиштето е изготвена според член 49, став 1 и став 2 од Законот за основно образование („Сл.весник на РСМ“ бр.161 од 5.8.2019 година) како и член 2 и член 4, од Правилникот за формата и содржина на развојната и годишната програма за работа на основното училиште бр.18-6579/1 од 6.7.2020 година.

**Содржина**

**Вовед ………………………………………………………………………………………....4**

1. **Податоци за основното училиште ……………………………………………….....5**
    1.1. Идентификациони податоци за училиштето…………………………………......6
    1.2. Историјат на основното училиште………………………………………………
    1.3. Специфики кои го карактеризираат училиштето во однос на другите училишта.....................................................................................................7
2. **Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште.........8**
    2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка..................................................................................................8
    2.2. Работен стаж на вработените.......................................................................8
    2.3. Простор...........................................................................................................9
    2.4. Опрема и наставни средства......................................................................12
    2.5. Материјално-финансиско работење на училиште........................................15
3. **Подрачје на работа на основното училиште, наставен план и наставна програма...........................................................................................................16**
4. **Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години...............................................................................................................17**
    4.1. Самоевалуација на основното училиште (интерна)....................................17
    4.2. Интегрална евалуација на основното училиште (екстерна).........................23
5. **Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (SWOT анализа)....30**
6. **Мисија и визија на основното училиште..............................................................40**
7. **Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период..................................................................41**
8. **Соработка на основното училиште со родителите/старателите......................56**
9. **Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО.......................................................................57**
10. **Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште.........................................................................................58**
11. **Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште..........59**
12. **Заклучок...............................................................................................................59**
13. **Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште..........................................................................................60**
14. **Користена литература.........................................................................................60**

# Вовед

Училишното развојно планирање е континуиран стратешки процес заснован на константно истражување за препознавање на автентичните потреби на училиштето и пронаоѓање начини како тие потреби да се задоволат. Тоа претставува основа за остварување на посакувани и неопходни промени во сите сегменти на училишниот живот. Како резултат на процесот на развојното планирање, произлезе документот „Развојна програма на основното училиште ООУ „Илинден“ – Крива Паланка од 2022 – 2026 година“ во кој ги определивме основните правци на развој на нашето училиште во наредниот четиригодишен период.

Со оваа програма се обврзуваат сите учесници на заедничка акција за развивање на основните приоритетни области и остварување на стратешките цели, а на тој начин ќе се насочува целокупниот развој на училиштето.

Програмата содржи активности што ќе ги преземе училиштето со цел да се отстранат слабостите и реализирање на активности што ќе доведат до унапредување на квалитетот на работата. Програмата се темели на анализа на постојната состојба, вреднување на постигнатите резултати и препознаените приоритетни потреби на нашето училиште. Овој документ треба да се сфати како алатка која помага во унапредувањето на квалитетот на воспитно – образовниот процес. Треба да се има во предвид дека развојното планирање е континуиран творечки процес кој произлеува од самоевалуацијата и се однесува на постојано истражување и препознавање на реалните (вистинските) потреби на училиштето, како и во осмислување на начини како тие потреби да се задоволат. Развојот на училиштето се одвива на релација помеѓу сегашната состојба и проекцијата на посакуваните идеали. Развојната програма на училиштето е изготвена врз основа на: Законот за основно образование, Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, Законот за работни односи, Законот за јавни набавки, Стратегијата за образование 2018-2025, Наставни планови и програми, Годишни програми за работа на училиштето, Годишни извештаи за работата на училиштето од претходните четири години, Интегралната евалуација од 2022 година и Самоевалуација на училиштето за период 2020-2022 година.

# 1. Податоци за основното училиште

## 1.1. Идентификациони податоци за основното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | **ООУ „Илинден “** |
| Адреса | Ул. НаскоТамбурков бр.80 криваПаланка |
| Телефон | 031/375-078 |
| Место, општина | Крива Паланка |
| Веб-страница | www.oouilinden.edu.mk |
| Е-маил | ouilinden@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 7 мај |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 4300 m2 |
| Училиштен двор(m2) | 2705m2 |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | ПОУ во с. Мождивњак 1<br>ПОУ во с. Мождивњак 2<br>ПОУ во с. Конопница |
| Капацитет на училиштето (максимален број на ученици) | 990 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 564 |
| Број на паралелки | 43 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | една смена |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | |

## 1.2. Историјат на основното училиште

Во Североисточниот дел на РСМ, на надморска височина од 450 метри до 2525 метри е сместена Крива Паланка. Во овој град со богато културно-историско минато и поволни антропогеографски карактеристики се наоѓа нашето училиште. Местоположбата на училиштето е поволна, бидејќи во негова близина е сместена ЈОУДГ „Детелинка“, а самото училиште не излегува на главната улица. Училиштето се наоѓа на ул.„Наско Тамбурков“ бр. 80. Училишната зграда на нашето училиште е изградена во далечната 1974 година и претставува градежен објект од тврда градба која наполно одговара на својата намена. Името на училиштето го позајмивме од големиот Илинден, горди што и ние сме дел од македонската историја.

Во состав на училиштето работат и три подрачни училишта ПОУ Мождивњак- 1; ПОУ Мождивњак-2 и ПОУ Конопница..

Со акт за верификација 10-2481/3 од 02.09.1996 година, а истото е формирано со одлука на Влада на Р.С. Македонија. Поминувајќи низ различни периоди училиштето опстојуваше и беше расадник на многубројни генерации од кои многу поединци оставија длабоки траги во различните сфери од општествениот живот.

Училиштето располага со 4300 м/2 внатрешна површина, 2705 м-2 училишен двор, како и 685 м-2 површина на спортски терени и игралишта. Училиштето работи во една смена, а наставата се изведува на македонски јазик со вкупно 564 ученика распоредени во четириесет и три паралелки од кои 20 во предметна настава и 23 во одделенска настава. Наставниот процес се изведува според Наставниот план и програма на Министерството за образование и наука на РСМ, Концепцијата за задолжително деветгодишно образование, донесени од МОН и Бирото за развој на образованието на РСМ и Годишната програма за работа на училиштето, а согласно Развојното планирање/ Развојниот план на училиштето.

## 1.3. Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта

- Училиштето е препознатливо по своите напори да го задржи приматот на училиште со висок квалитет и високи постигнувања на учениците во сите области.
- Во реализацијата на наставните планови и програми видлива е примената на активни методи и стратегии.
- Соработката со родителите, локалната заедница, медиумите во организација за одбележување на важни настани. Особено внимание се посветува на одбележувањето на деновите посветени на учениците со посебни образовни потреби.
- Учениците се запознаваат со сопствената, но и со другите етнички култури и традиции, и култури на други држави.
- Кај учениците се поттикнува развојот на хуманоста мултикултурализмот, еколошката свест, креативноста и истражувачкиот дух.
- Училиштето се гордее со многубројните освоени награди и места на општинските, регионалните, државни и меѓународни натпревари по математика, природни науки, биологија, хемија, физика, англиски јазик, германски јазик, географија, народна техника, ликовно образование и спорт.
- Репрезентативноста на постигнатите резултати на нашите ученици во поедини сегменти ги надминува општинските и националните рамки за што сведочат освоените места на општинско, национално и меѓународно ниво.
- Воспоставените критериуми и етички кодекси на оценувањето се применуваат по сите предмети и области на оценување.
- Наставниците континуирано следат обуки, вон и во училиштето продлабочувајќи ги и пренесувајќи ги сопствените знаења и искуства на стручните активи во училиштето.
- Голем број наставници даваат свој придонес во создавањето на отворени образовни ресурси и унапредување на наставната пракса.
- Во училиштето се негува традицијата на воведување иновации во воспитно-образовниот процес.
- Проекти кои се реализираат во училиштето.

## 2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште

### 2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка

| Стручен профил | Број на извршители | | Стручна подготовка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Основно | ССС | ВШС | ВСС | | |
| Наставен кадар | Одделенска настава | 23 | | | 5 | 18 | | |
| | Предметна настава | 37 | | 1 | 3 | 33 | | |
| Раководен кадар | 2 | | | | | 2 | | |
| Стручни соработници | 4 | | | | | 4 | | |
| Административни службеници | 3 | | | 1 | | 2 | | |
| Помошен и технички кадар | 14 | | 1 | 12 | 1 | | | |

### 2.2. Работен стаж на вработените

| Работен стаж | Број на вработени наставници во одделенска настава | Број на вработени наставници во предметна настава | Број на вработени стручни соработници | Број на вработени админи-стративни службени-ци | Број на вработен технички персонал | Број на вработен раководен кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 3 | 12 | 3 | 3 | 6 | 1 |
| Од 10 до 20 години | 8 | 18 | | | 4 | 1 |
| Од 20 до 30 години | 6 | 3 | | | 3 | |
| Повеќе од 30 години | 6 | 4 | 1 | | 1 | |
| Вкупно | 23 | 37 | 4 | 3 | 14 | 2 |

## 2.3.Простор

Табеларен преглед на просторните услови во **централното училиште**

| **Простор** | **Вкупен број** | **Површина (m2)** | **Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година)** | **Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.)** |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 26 | 54 m2 | 4 | / |
| Кабинети | 2 | 46 m2 | 3 | 4 кабинети |
| Библиотека | 1 | 18 m2 | 4 | Поголем простор за библиотека |
| Медиотека | 1 | 18 m2 | 2 | / |
| Сензорна соба | 1 | 27 m2 | 4 | |
| Читална | | | | |
| Спортска сала | 1 | 168 m2 | 4 | Реновирање на столаријата ,тоалети и соблекувални. |
| Надв.спортски терен | 1 | 800 m2 | 2 | Уредување на теренот |
| Канцеларии | 5 | 162 m2 | 4 | |
| Училиштен двор | 1 | 2705 m2 | 3 | Уредување на дворот |
| Заеднички простор за прослави | | | | |
| Кујна | | | | |
| Трпезарија | | | | |
| Друго<br>Магацин<br>Фотокопирница<br>Работ.на<br>хаусмајстор<br>Котлара | <br>2<br>1<br>1<br>1<br>1 | <br>20m2<br>8m2<br>42m2<br>18m2<br>60m2 | <br>2<br>3<br>3<br>3<br>3 | |

Табеларен преглед на просторните услови во **ПОУ с.Конопница**

| Простор | Вкупен број | Површина (m2) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 9 | 48m2 | 4 | |
| Кабинети | | | | |
| Библиотека | | | | |
| Медиотека | | | | |
| Читална | | | | |
| Спортска сала | 1 | 180m2 | 2 | Реконструкција |
| Канцеларии | 2 | 25m2 | 3 | |
| Училиштен двор | 1 | 2384m2 | 2 | Уредување на дворот |
| Заеднички простор за прослави | | | | |
| Кујна | | | | |
| Трпезарија | | | | |
| Друго | | | | |

Табеларен преглед на просторните услови во **ПОУ с.Мождивњак 1**

| Простор | Вкупен број | Површина (m2) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 7 | 42m2 | 3 | |
| Кабинети | 1 | 42m2 | 4 | |
| Библиотека | 1 | 12m2 | 2 | |
| Медиотека | | | | |
| Читална | | | | |
| Спортска сала | 1 | 190m2 | 2 | Реконструкција |
| Канцеларии | 2 | 14m2 | 2 | |
| Училиштен двор | 1 | 1188m2 | 4 | Уредување на дворот |
| Заеднички простор за прослави | | | | |
| Кујна | | | | |
| Трпезарија | | | | |

Табеларен преглед на просторните услови во **ПОУ с. Мождивњак 2**

| **Простор** | **Вкупен број** | **Површина (m2)** | **Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година)** | **Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.)** |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 2 | 54m2 | 4 | |
| Кабинети | | | | |
| Библиотека | | | | |
| Медиотека | | | | |
| Читална | | | | |
| Спортска сала | | | | |
| Канцеларии | 1 | 12m2 | 2 | |
| Училиштен двор | 1 | 794m2 | 3 | |
| Заеднички простор за прослави | | | | |
| Кујна | | | | |
| Трпезарија | | | | |
| Друго | 1 | 36m2 | 2 | |

## 2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства“

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| Одделенска настава | Мултимедијална опрема Смарт табла-2<br>Лаптоп комјутери за секој наставник - 23<br>LCD проектор-2<br>SMARTTV-23<br>Принтери-4<br>Музички системи 5<br>Лаптопи за одд настава со 5 ормани за полнење<br>Детска литература<br>Дидактички реквизити (коцки, сложувалки, бројалки,<br>Човечко тело со внатрешните органи | Смарт табли<br>Таблети за ученици со тастатура<br>Табела 100 со џебови<br>Гео табла со дадени шеми за развивање вештини за пред читање и пред пишување<br>Детска енциклопедија математика, физика, хемија, биологија, екологија, историја, географија, уметност... издание со три тома со научни факти и занимливости<br>Сликовници и лектири<br>Визуелни едукативни помагала<br>Графомоторички и дидактички средства за деца со ПОП<br>Картички дропки<br>Картички азбука<br>Нагледни средства за мерење,збирки со задачи,едукативни постери,нагледни средства по природни науки |
| Предметна настава | LCD проектори 12<br>Смарт табли 2<br>Смарт ТВ 5<br>Принтери 2<br>Фотокопири 2<br>Музички системи 2<br>Лаптоп 29<br>Статични компјутери 35 | Таблети за ученици<br>Комјутерска опрема |
| Македонски јазик | Лектирни изданија<br>Телевизор | Правопис,речници,лексикони<br>Современи компјутери и компјутерска опрема<br>Стабилен интернет |

| | | |
|---|---|---|
| | | Визуелни средства- постери<br>Аудитивни средства- звучници |
| Математика | Геометриски прибор (триаголници,агломер,шестар и линијар) | -Графички таблет или соодветен таблет за секој наставник<br>-смарт табли<br>-збирки задачи од VI-IX одделение кои би стоеле во училишната библиотека за потребите и на наставниците и на учениците<br>-добра интернет врска |
| Англиски јазик | Табла со интерактивен уред Мимио<br>Слушалки Гембирд МХП-903 (15 пара)<br>Звучници Гиниус<br>СЊ-У21200<br>Видео проектор Епсон<br>ЕБ-СО2<br>Лаптоп<br>Прожектор со платно<br>Смарт табла<br>Музички систем<br>USB-3 ,SMARTTV | Флеш карти по наставни содржини<br>CD –по наставни содржини |
| Биологија | Модел на човечко тело (торзо)<br>Микроскоп оптички (1)<br>Постер дигестивен систем<br>Постер крвоносен систем кај човек<br>Микроскопски препарати<br>Модел пресек на стебло од монокотиледони растенија<br>Модел пресек на стебло од дикотиледони растенија | Атлас анатомија на човек<br>Модел скелет на човек<br>Модел на бубрег кај човек<br>Модел анатомија на уво<br>Модел на човечко око<br>Покривни стакленца за изработка на микроскопски препарати |
| Географија | Глобус<br>Карта на Македонија<br>Карта на Азија<br>Карта на Европа<br>Карта на Северна Америка<br>Карта на Јужна Америка<br>Карта на Австралија<br>Карта на Северен и Јужен пол<br>Компјутер,Атласи,Енциклопедии | Енциклопедии<br>Нови карти |
| Хемија | Киселини<br>Хлороводородна,сулфурна киселина,натриум хидрооксид | Периоден систем<br>Лабараториски сет<br>Лакмус |

| | | |
|---|---|---|
| | | Термометар<br>Магнезиумова лента<br>Пипета капалка<br>Универзален индикатор<br>ПХ скала |
| Физика | Амперметар,Волтметар, Динамометар<br>Оптичка клупа<br>Електроскоп<br>Магнети<br>Уреди за ширење на телата при загревање<br>Резонатор<br>Ебонитна стаклена и полиетиенска прачка<br>Сет призми<br>Магнетно индукционо поле | Електромагнет<br>Променлив отпорник<br>Спетроскоп<br>Уред за претворање на енергија<br>Архимедов закон<br>Коса рамнина<br>Спектрометар<br>Компас<br>Демонстратори за 1,2,3<br>Њутнов закон |
| Физичко и здравствено образование | Чуњеви,Хулахопи,Ѓуле<br>Рипстоли,Стативи<br>Ниска греда,Козлич<br>Кошеви<br>Столбови за одбојка<br>Одбојкарска мрежа 1<br>Кошови два помошни<br>Стативи 2<br>Баскети<br>Одбојкарски топки, ракометни и фудбалски топки<br>Душеци<br>Сталки за прескок<br>Шведска клупа<br>Маркер скала | Душеци 3<br>Отскочна даска 1<br>Козлич 1<br>Баскети 15<br>Одбојкарски 15<br>Ракометарски 15<br>Фудбали 15<br>Јаженца 10<br>Медицинки 5<br>Бадминтон 4<br>Полутопки 10<br>Јаже за влечење<br>Маркер конус 10<br>Вага со висинометар<br>Шведски сандук<br>Топки за пилатес |
| Информатика | 3 централни единици со 20 монитори<br>1 LCDпроектор<br>Компјутери 25 | смарт табла |
| Историја | Карта на<br>Античка Македонија,<br>Римска империја,<br>Египетско царство,<br>Хелада | Македонска<br>Средновековна држава,<br>Големите географски откритија,<br>Карпошово востание,<br>Распаѓање на<br>Османското царство,<br>Македонија во првата и втората светска војна. |

## 2.5. Материјално-финансиско работење на училиштето

Постапките што ги спроведува нашето училиште за материјално- финансиско работење се во согласност со законските норми. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето на редовни состаноци на Советот на родители, Училишниот одбор и Наставничкиот совет. На почетокот на учебната година се прави анализа на потребите на вработенитеи потребите за тековно одржување на објектите,па согласно тие потреби и приоритети се прави распределба на средствата. Буџетските приоритети се поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се користи за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

Посебен акцент во наредните учебни години, како и минатата ќе биде ставен на подобрување на условите за одвивање на наставниот процес според новата Концепција за основно образование.

Врз основа на моменталните потреби на училиштето - планот за материјално - финансиското работење се одобрува од МОН и транспарентно се реализира во текот на годината за што се дава извештај пред УО каде и се усвојува завршната сметка на училиштето. Преку претставниците на родителите и локалната заедница во училишниот одбор сите информации за училишниот буџет и трошоците им се достапни на сите партиципиенти во училиштето.

➢ **Раководење со финансиските ресурси**

- Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет;
- Изнаоѓање на дополнителни финансиски средства за училиштето;
- Следење на наменското трошење на средствата во согласност со одобрениот буџет за училиштето;
- Во текот на целата учебна година користење на буџетот за подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина;
- Информирање на органите и телата за трошењето на финансиските средства;
- Обезбедување на услови за транспарентно усвојување на завршната сметка;
- Следење континуирано на законитоста на финансиското работење;

➢ **Раководење со материјалните ресурси**

- Проценување на потребите и утврдување на приоритетите;

- Обезбедување на наставни средства и помагала согласно потребите;
- Навремено обезбедување со потребните средства за одвивање на секојдневната работа и грижа за нивното рационално користење.

## 3. Подрачје на работа на основното училиште- наставен план,проширена програма и друга воспитно-образовна работа

Воспитно-образовната дејност во училиштето се одвива според Наставниот план за деветгодишно образование,Наставните програми по секој предмет дадени од Бирото за развој на образованието, одобрени од Министерството за образование и наука. Според податоците добиени од одделенските раководители се констатира дека наставните содржини предвиден со Наставниот план и Наставната програма се целосно реализирани.

Годишната програма за работа на училиштето, програмите за работа на сите други органи и тела во училиштето, како и програмите за работа на наставниците се навремено изготвени и прифатени и истите во континуитет се следат од страна на директорот и стручните соработници.

Училиштето реализира задолжителна настава, изборна настава, дополнителна настава, додатна настава и воннаставни активности.

Задолжителен прв странски јазик е англискиот јазик кој се изучува од прво одделение до завршување на основното образование, а како втор странски јазик е германскиот јазик кој се изучува од шесто одделение до завршување на основното образование.

**Изборна настава** учениците посетуваат по изборни предмети преку кои им се дава можност да ги прошират и продлабочат своите знаења и да ги развиваат своите индивидуални способности. Изборот на предметите се врши преку анкети кои се спроведуваат во месец мај.

**Дополнителна настава** наставниците реалзираат со ученици кои покажуваат послаби резултати во учењето или се од оправдани причини подолго време отсутни од наставата. Дополнителната настава се организира за учениците од II-IX одделение, во текот на целата година, по редовната настава, за што секој наставник води евиденција во посебен образец.

**Додатна настава** се реализира со ученици кои покажуваат посебен интерес за одредена област или предмет. Додатната настава се организира за учениците од II-IX одделение, во текот на целата година, по редовната настава, за што секој наставник води евиденција во посебен образец.

Училиштето е верифицирано со акт бр.23-1898 од 03.06.1996 година издаден од Владата на Република Северна Македонија.

## 4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години

4.1. Самоевалуација на основното училиште

| **Подрачје** | - **Резултати** |
|---|---|
| Наставни планови и програми | - Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми, а за нивната реализација има голема поддршка од родителите, учениците и наставниците;<br>- Учениците со различни способности подеднакво се вклучени во сите воннаставни активности;<br>- Училиштето е вклучено во активности кои придонесуваат за афирмација на учениците и развивање на нивните способности и вештини;<br>- Опфатеност и успешно работење (многубројни награди, признанија и постигнати резултати) во воннаставните активности;<br>- Училиштето успешно го спроведува проектот за МИО со активности во редовната настава и вонаставните активности на ниво на училиште и активности со партнер училиштето;<br>- Интегрирање и соработка со локалната средина;<br>- Користење техники и методи за реализација на наставата;<br>- Изборот на изборни наставни предмети се реализира според наставниот план и програма;<br>- За учениците со ПОП се изработува ИОП (индивидуален образовен план) според кој се реализира наставата за учениците со посебни образовни потреби;<br>- Воведена Нова концепција на Наставни програми во 1 и 4 одделение; |
| Постигнувања на учениците | - Целосна насоченост кон наставата, негување на соработничка клима, интеграција на предметите, објективно оценување и самооценување, дополнителна и додатна настава;<br>- Континуирано следење на постигањата на учениците. Секое тримесечје се прави анализа на успехот и поведението на учениците и се врши споредба со претходното тримесечие или со претходната учебна година;<br>- Избирање на првенец на генерацијата;<br>- Задоволителни резултати по предмети, пол и етничка припадност; |

| | |
|---|---|
| | - Незабележителен е процентот на ученици кои не го завршуваат основното образование;<br>- Училиштето има правилник за пофалување, наградување и изрекување педагошки мерки;<br>- Учениците кои постигнуваат успех на натпревари се наградуваат со дипломи и пригодни награди;<br>- Формиран инклузивен тим;<br>- Учениците и родителите навремено и редовно се информираат за постигањата и напредувањето од страна на наставниците,преку индивидуални и родителски средби;<br>- Запазена е постапката за упис и испишување на учениците;<br>- Училиштето ја следи редовноста на учениците според пол и етничка припадност, ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности со цел зголемување на редовноста. |
| Учење и настава | - Квалитетно изработени годишни, тематски и дневни планирања на наставниците што се во согласност со Наставните планови и програми донесени од Министерството за образование и наука и Биро за развој на образованието;<br>- Наставниците разменуваат искуства и информации при планирањето;<br>- Наставникот избира соодветни задачи и активности користејќи при тоа различни ресурси;<br>- Континуирано се следат постигнувањата на учениците и се превземаат активности за нивно подобрување;<br>- Наставниците со учениците се однесуваат на начин што промовира почитување, помош, соработка и разбирање;<br>- Наставниците ги поттикнуваат учениците самостојно и критички да размислуваат и соработуваат;<br>- Наставниците остваруваат солидна меѓусебна интеракција како и интеракција со учениците;<br>- Наставникот ја поттикнува интеракцијата помеѓу учениците;<br>- Наставникот ги идентификува и почитува образовните потреби на учениците;<br>- Наставникот користи различни форми, методи и инструменти на оценување; |

| | |
|---|---|
| | - Учениците се запознаени со критериумите и стандардите на оценувањето од страна на наставниците;<br>- Наставниците редовно ги известуваат родителите за напредокот на учениците. |
| Поддршка на учениците | - Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на наставниците и учениците истакнато на видно место;<br>- Во училиштето постои училишен тим за превенција од насилство со програма за насилство;<br>- Соработка со институции во локалната заедница: Министерство за внатрешни работи, Центар за социјални работи,<br>- Градски музеј, Центар за култура, Црвен крст, невладини организации и др.;<br>- Редовна едукација преку предавања и проектни активности за заштита на учениците од пушење, алкохол и дрога;<br>- Училиштето води кампања за здрава исхрана преку проектни активности, предавања од стручни лица и предавања на редовните часови по Биологија и Вештини за живеење;<br>- Училиштето дава подршка на учениците со пречки во развојот преку: соработка со родители, наставници и ученици;<br>- Во училиштето се организираат хуманитарни акции со цел да им се помогне на учениците од социјално загрозенисемејства;<br>- Во училиштето се одвиваат активности од проектот Еко училиште;<br>- Соработка со средните училишта преку нивни презентации за да им се помогне на учениците во нивниот избор запонатамошно школување;<br>- Училиштето се грижи за учениците со социо-емоционални потешкотии преку работилници, советодавни разговори со стручната служба и соработка со соодветни институции;<br>- Педагошката евиденција се заведува во е-дневник за подобар пристап до успехот на ученикот;<br>- Во училиштето се следи и евидентира напредокот на талентираните и успехот на послабите ученици;<br>- Се реализираат работилници од Програмата за советување на ученици и родители од страна на |

| | |
|---|---|
| | стручната служба; Се води редовна грижа за здравјето на учениците со организирање на разни предавања, систематски прегледи, соработка со стоматолошки ординации и изработка на проекти за здрава храна со помош на учениците;<br>- Изработен е План за евакуација;<br>- Два пати во текот на учебната година, а по потреба и повеќе, се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишните простории. |
| Клима во училиштето | - Училиштето им дава можности на сите субјекти во образовниот процес активно да се вклучат и меѓусебно да соработуваат;<br>- Постигнати се значителни успеси на училиштето на општинско, државно и меѓународно ниво;<br>- Работната атмосфера и добрата соработка меѓу стручната служба, наставниците и другите вработени во училиштето овозможуваат позитивна клима во училиштето;<br>- Учениците ги знаат своите права и обврски во училиштето;<br>- Училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со локалната заедница;<br>- Училиштето има демократски избрана училишна заедница;<br>- Вработените ги познаваат и почитуваат правата на децата;<br>- Училиштето има развиено механизми за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот;<br>- Училиштето реализира едукативни работилници за штетното влијание на пороците: дрога, алкохол и пушење;<br>- Голема соработка со родители преку Совет на родители;<br>- Редовно спроведување на МИО и МИМО активности како самостојни активности, така и заеднички активности со партнер училиштето „Симче Настовски“ од с. Вратница, Јажинце;<br>- Реализирање на еколошки активности согласно еко стандардите планирани во Годишната програма |
| Ресурси | - Училишната библиотека секогаш е достапна за учениците и вработените;<br>- Наставните средства и помагала ги подобруваат постигнувањата на учениците; |

| | |
|---|---|
| | - Наставните средства и материјали со кои располага училиштето ефикасно се користат во наставата и учењето ;<br>- Стручната литература со која располагаат наставниците редовно се користи за реализација на наставните содржини;<br>- Потрошниот материјал редовно се набавува;<br>- Наставниците ги познаваат професионалните компетеции за нивнен професионален развој;<br>- Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за нивен професионален развој;<br>- Изнаоѓаат ефективни модели и можности за свој професионален развој и напредување во наставничката професија;<br>- Наставниците изработуваат личен план за професионален развој ;<br>- Тие ја увидуваат комплексноста на наставничката професија и одговорноста што таа ја носи, се стремат соодветно да ја извршуваат;<br>- Постои потреба од дополнување и надградување на знаењата и вештините со континуирана едукација;<br>- Континуирано ја унапредува сопствената педагошка пракса врз основа на следењето на промените и новините во системот на образование, врз основа на рефлексија и самоевалуација;<br>- Наставниот кадар се информирани за тековните случување, стручните настани во областа на образованието од страна на МОН и БРО и други организации одговорни за спроведување на обуки;<br>- Во учлилиштето, од страна на стручната служба континуирано се води професионално досие за секој наставник;<br>- Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на наставниот кадар. |
| Раководење, управување и креирање политики | - Добра соработка помеѓу Директорот на училиштето, претседателот и членовите на Училишниот одбор, педагошко-психолошката служба, Наставничкиот совет, Советот на родители, Стручните активи;<br>- Континуирана соработка со локалната самоуправа на општина Крива Паланка, Биро за развој на образованието МОН, Меѓуопштински центар за |

| | |
|---|---|
| | социјални работи и други институции;<br>- Постои соработка помеѓу: педагошко-психолошката служба и Наставничкиот совет, стручните активи и другите вработени;<br>- Соработка со родителите (Совет на родители);<br>- Вклученост на училиштето во многубројни проекти од различни области (ЕРАЗМУС програма, АРИСЕ, ВЕЛО УЧИЛИШТЕ);<br>- Продлабочување на годишните програми на наставниците во согласност со потребите на учениците;<br>- Редовно се одржуваат состаноци на сите органи во училиштето;<br>- Буџетот на училиштето се проектира и користи наменски, со цел да се подобри квалитетот на наставата и условите за работа. |

### 4.2. Интегрална евалуација на основното училиште

Во периодот од 14.10.2022 до 16.10.2022 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација за работата на нашето училиште во период од учебните 2019-2020; 2020-2021 и 2021-2022 година. За време на надзорот, инспекцискиот тим спроведе повеќе активности, како посета на часови, разговори со Директорот, стручните соработници, Училишниот одбор, Советот на родители, фокус-групи од локалната и деловната заедница, учениците, наставниците и сл. Исто така беше разгледана и целокупната евиденција и документација која беше приложена на увид и врз основа на сето тоа се донесени заклучоци по седумте подрачја за квалитет на воспитно-образовниот процес, при што квалитетот на севкупното работење на ООУ„Илинден“-Крива Паланка е оценет со доволен (2,48).

На почеток од извештајот по краткото резиме се наведени главните карактеристики на училиштето и е даден опис на активностите кои се реализирани, но и на оние активности кои делумно се реализирани во рамките на сите 7 подрачја за квалитет на воспитно-образовниот процес поединечно и тоа:

1. Наставни планови и програми;
2. Постигања на учениците;
3. Учење и настава;
4. Поддршка на учениците;
5. Училишна клима;
6. Ресурси;
7. Управување, раководење и креирање политики.

Преглед од извештајот на извршената интегрална евалуација

| Подрачје | Согледувања |
|---|---|
| Наставни планови и програми | Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството и за образование и наука. Реализацијата на наставата од страна на наставниците е во согласност со наставните планови и програми за деветгодишно образование како и Концепцијата за основно образование. Содржините во најголем број наставни програми овозможуваат постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованите како и граѓанска вклученост.<br>За подршка на учениците со посебни образовни потреби е формиран училишен инклузивен тим со Одлука бр.02-288/1 од 14.08.2020 година. Со овие ученици се работи според ИОП и со нив работи дефектологот на училиштето и 3 (три) образовни асистенти.<br>Училиштето нуди повеќе од три изборни предмети, според наставниот план. Изборот се врши со спроведување на анкети на учениците, со насочување кој предмет ќе го изберат.<br>Училиштето не реализира проширена програма.<br>Училиштето делумно има изработено насоки за интегрирање на меѓупредметните цели во сите програми за работа што ги реализираат и наставниците делумно ги почитуваат тие насооки.<br>Училиштето планира и реализира вonнаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на најголем број ученици и служат за развој на граѓанските и општествените компентенции за доживотно учење. Во последните три учебни години учениците учествувале на 14 секции, 10 проекти и 14 активности во соработка со локалната заедница. Исто така, по последните три години училиштето има освоено вкупно 73 награди и тоа: 43 награди на општинско ниво, 23 награди на регионално ниво, 5 награди на државно ниво и 2 награди на меѓународно ниво. Во училиштето во претходните три учебни години се реализирани 10 проекти,а оваа учебна година активно се реализираат 8 проекти и тоа:<br>✓ Училиште на 21 век;<br>✓ Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем;<br>✓ Безбедно училиште;<br>✓ Биди Ин, Биди Инклузивен;<br>✓ АРИСЕ; |

| | |
|---|---|
| | ✓ Книга за опстанок на луѓето;<br>✓ Усовршување на математичко образование преку е-дебата и различност;<br>✓ Мултиетничка интеграција во образование;<br>Училиштето во проектот за меѓуетничка интеграција е вклучено од 2014/2015 година, каде се имаат реализирано 6 активности и тоа со партнер училиштето ООУ „ Симче Настовски“ с. Јажинце и тоа преку ликовна секција, рециклирање уметнички дела, техничко образование, еко-творби, шиеме традицијата ја продолжуваме, новинарска секција, изработка на двојазичен речник, секција за програмирање на микробит.<br>Училиштето има формирано УСК „ Илинден“ со ЕМБС 7000391 дел бр. 31020140002945 од 10.12.2014 година за вршење дејност спорт училишен-спорт. |
| Постигнувања на учениците | Училиштето ги следи постигањата на учениците и врши компаративни анализи по сите наставни предмети во текот на целата учебна година. Се изработуваат прегледи за успех по класификациони периоди, редовно се известуваат родителите за родителски средби и се даваат евидентни листови за успех и поведение. Напредокот и постигањата на учениците, редовно се следат преку одржаните одделенски и наставнички совети.<br>Редовноста на учениците, континуирано се следи и евидентира од страна на одделенските и предметните наставници и стручната служба.<br>Родителите на учениците кои имаат намален успех во учењето, нередовно ја посетуваат наставата или несоодветно се однесуваат, се покануваат на советување, а советувањето го спроведува психологот на училиштето.<br>Училиштето има развиен систем за наградување на ученици и нивните ментори (правилник за наградување и пофалување и правилник за изрекување педагошки мерки).<br>Училиштето обезбедува услови за запишувања на сите деца од реонот, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби.<br>Училиштето ја следи редовноста на учениците, соработува со родителите, реализира советување со родителите и води уредна документација за истата. Исто така, ја почитува постапката за премин на ученици од едно во друго училиште, а бројот на ученици кои во текот на учебната година заминуваат од едно во друго училиште е од 1 до 4 ученика.<br>Во последните три години бројот на осипани ученици е 17, а оваа учебна година е 7, што значи дека нема ученици повратници или осипани ученици кои повторно биле вклучени во наставниот процес. |

| | |
|---|---|
| | Во текот на изминатите три учебни години само еден ученик ја повторувал годината. |
| Учење и настава | Во училиштето има договорени приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручните соработници. Наставниците делумно ги ги доставуваат своите наставни планирања до стручната служба, а поголемиот дел од наставниците навремено ги планираат редовната, додатната, дополнителната настава и воннаставните активности.<br>Нставниците своите планирања ги остваруваат во рамките на три стручни активи (природно-математички, одделенски и општествено-јазичен актив).<br>Училиштето навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава, а тој е изработен во согласност со наставниот план и просторните услови при што се почитува најдобриот интерес на учениците.<br>Учениците сметаат дека училиштето организираа различни форми, начини и доволно ги мотивира да соработуваат меѓусебно, како и ја негува интеркултурната комуникација и почитување на различностите. Тие се чувствуваат прифатенби, задоволни и среќни во паралелката и училиштето. Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците (формативно и сумативно). Годишните оценки се сумативни и произлегуваат од формативното оценување во текот на годината, а на крајот на учебната година се препознатливи отстапувања во оценувањето во нагорна насока.<br>Најголем дел од наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оцењнување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на ученикот.<br>Наставниците го водат и редовно ажурираат електронскиот дневник и ги известуваат родителите за нивните ученици. |
| Поддршка на учениците | Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор и нив ги реализира според планираното.<br>Во училиштето има обучено 5 наставника за давање прва помош на учениците. Училиштето има план за евакуација за постапување во случај на елементарни непогодби. Има интернет мрежа и телефонска врска и постои громобранска инсталација.<br>Вработените ја знаат и почитуваат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на |

| | |
|---|---|
| | потребите и грижите на учениците им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство.<br>Во училиштето нема организирана исхрана за учениците, истото реализира активности поврзани со теми за здрава исхрана интегрирани во наставата.<br>Хигиената во училиштето е на ниво кое делумно ги задоволува основните стандарди за хигиена. Дворот на училиштето е чист и делумно хортикултурно уреден. Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација и училиштето има програма за превенција од заразни болести. За учениците редовно се организираат систематски прегледи, а за вработените санитарен и лекарски преглед според законските прописи.<br>Сите наставници водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението, како и за нивниот социјален, интелектуален и емоционален развој. Редовно се подготвуваат извештаи и анализи по квартали за својата паралелка, а подготвените извештаи и анализи се доставуваат до стручните соработници и раководниот кадар за понатамошна обработка и се целосно достапни за сите други наставници. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес. |
| Клима во училиштето | Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри. Најголем дел од наставниците уживаат респект кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи, а вработените се грижат за угледот на училиштето и се горди што се дел од него.<br>Училиштето има кодекс на однесување во кои се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури.<br>Училиштето води политика за взаемно почитување и вклученост на сите наставници и вработени кои учествуваат во училишниот живот, исто така како во централното така и подрачните училишта владее позитивна атмосфера и меѓу наставници и учениците.<br>Стручната служба прибира податоци за успехот, поведението и отсуствата на учениците и изготвува извештаи со статистички податоци. Резултатите од постигањата се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето.<br>Се почитуваат правата на учениците, а училиштето води сметка за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата.<br>Од учебната 2013-2014 година училиштето го органирира МИО проектот, а активностите се реализираат со изготвен акциски план преку |

| | |
|---|---|
| | работилници, научно-истражувачка работа, натпревари, а наставниците имаат изготвено интегрирани содржини од МИО и ги реализираат согласно планираната динамика.<br>Училиштето активно работи во негување и развивање на партнерски однос со родителите и деловната заедница. Родителите, преку своите претставници во Советот на родители Училишниот одбор, се вклучени во работата на училиштето се со цел постигнување на организирано остварување на интересите на учениците.<br>Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и учество на настани од интерес на заедницата. Заедницата добро се вклучува во подобрување на условите за работа на училиштето. |
| Ресурси | Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава. Постојат просторни услови за одвивање на работата на наставничкиот кадар и за организирање на воннаставни активности за учениците. Училишните згради се од тврда градба, зградата во централното училиште е изградена во 1974 година со површина од 4300 м-2 и се состои од приземје, два ката, подрумски простории, фискултурна сала, спортски терени. Централното училиште располага со 43 училници, 2 кабинети, 1 фискултурна сала, 1 адаптиран спортски терен, библиотека, простории за директорот, стручната служба, секретар и техничкиот персонал. Исто така во нашето училиште преку проектот **„Биди ИН, биди Инклузивен биди Инклудиран** се обезбедија средства за опремување на сензорна соба за потребите на учениците од нашето училиште.<br>Училиштето и раководителот имаат јасен план и распоред и максимално ги користат расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.<br>Училиштето ги утврдува потребите за нагледни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема на почетокот на секоја учебна година и истите континуирано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови за реализиорање на воспитно-образовниот процес согласно планираните ресурси. Училишните ресурси со стручна литература и наставни средства и помагала ги задоволуваат потребите за реализација на наставата по сите наставни предмети и содржини. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето делумно и повремено ги детектира потребите на наставниците за професионалниот развој земајќи ги во предвидбпрофесионалните компетенции за наставници кои треба да ги стекнат. Училиштето после реализираните обуки и семинари редовно организира дисеминирање на знаењето, јакнење на вештините и способностите на кадарот. Организира и учествува во интерни и екстерни обуки во соработка со други институции. Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Училишниот одбор добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето.<br>Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. |
| Раководење, управување и креирање политики с | Во училиштето има Училишен одбор конституиран од седум члена чија работа е дефинирана со Деловник за работа на Училишниот одбор. Училишниот одбор донесува одслуки, дава нислење, разгледува финанскиски планови и извештаи.<br>Раководниот орган (директорот на училиштето) го следи воспитно-образовниот процес во училиштето и постигањата на учениците.<br>Целите и креирањето на образовната политика на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и унапредување на постигањата на сите ученици. Училиштето успешно соработува со соодветни институции за остварување на поставените цели. Постои добра соработка со локалната самоуправа и деловната заедница и истите ги вклучува во исполнување на поставените цели за успешна реализација на воспитно-образовниот процес. |

## SWOT анализа

| Јаки страни | Слаби страни |
|---|---|
| ✓ Реализирање на наставата во една смена;<br>✓ Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми, а за нивната реализација има голема поддршка од родителите, учениците и наставниците;<br>✓ Учениците со различни способности подеднакво се вклучени во сите воннаставни активности;<br>✓ Училиштето е вклучено во активности кои придонесуваат за афирмација на учениците и развивање на нивните способности и вештини;<br>✓ Опфатеност и успешно работење (многубројни награди, признанија и постигнати резултати) во воннаставните активности;<br>✓ Училиштето успешно го спроведува проектот за МИО со активности во редовната настава и вонаставните активности на ниво на училиште и активности со партнер училиштето;<br>✓ Интегрирање и соработка со локалната средина;<br>✓ Користење техники и методи за реализација на наставата;<br>✓ Изборот на изборни наставни предмети се реализира според наставниот план и програма;<br>✓ За учениците со ПОП се изработува ИОП (индивидуален образовен план) според кој се реализира наставата за учениците со посебни образовни потреби; | ✓ Наставниците, учениците и Советот на родители не испраќаат забелешки, предлози за изменување и дополнување на наставните програми;<br>✓ Недостиг на нагледни средства и технички помагала, спортска опрема и лектирни изданија;<br>✓ Слаба вклученост на наставниците во проектни активности и работилници;<br>✓ Осипување на учениците;<br>✓ Недостиг од учебници, посебно за наставниците кои работат според новата концепција;<br>✓ Недоволно учество на учениците во воннаставните активности<br>✓ Потешкотии при идентификување на ученици со ПОП , изготвување на ИОП (Индивидуални образовни планирања) е недоволно позната за наставниците, па немаат можност соодветно да им помогнат на учениците.<br>✓ Обука на наставниците за работа со талентирани и надарени ученици<br>✓ Недоволна опременост на училниците и кабинетите со техничка опрема потребна за реализација на наставата;<br>✓ Потреба од поголема стручност на наставниците за работа со ученици на тежински нивоа, надарени ученици и ученици со посебни потреби;<br>✓ Недоволната примена на ИКТ во наставата кај поделни наставници, незаинтересираноста кај |

| | |
|---|---|
| ✓ Воведена Нова концепција на Наставни програми во 1 и 4 одделение;<br>✓ Целосна насоченост кон наставата, негување на соработничка клима, интеграција на предметите, објективно оценување и самооценување, дополнителна и додатна настава;<br>✓ Континуирано следење на постигањата на учениците. Секое тримесечје се прави анализа на успехот и поведението на учениците и се врши споредба со претходното тримесечие или со претходната учебна година;<br>✓ Избирање на првенец на генерацијата;<br>✓ Задоволителни резултати по предмети, пол и етничка припадност;<br>✓ Незабележителен е процентот на ученици кои не го завршуваат основното образование;<br>✓ Училиштето има правилник за пофалување, наградување и изрекување педагошки мерки;<br>✓ Учениците кои постигнуваат успех на натпревари се наградуваат со дипломи и пригодни награди;<br>✓ Формиран инклузивен тим;<br>✓ Учениците и родителите навремено и редовно се информираат за постигањата и напредувањето од страна на наставниците,преку индивидуални и родителски средби;<br>✓ Запазена е постапката за упис и испишување на учениците;<br>✓ Училиштето ја следи редовноста на учениците според пол и етничка припадност, ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности со цел зголемување на редовноста. | поедини ученици и родители за реализација на наставниот процес.<br>✓ Недостиг од психолошки тестови и техники за утврдување на психолошкиот профил на учениците;<br>✓ Необученост на наставниот кадар за идентификација и работа со деца кои се ментално или физички малтретирани;<br>✓ Во училиштето има потреба од дополнителна обука за вработените за давање прва помош на ученици во случај на незгода во училиштето;<br>✓ Грижа за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства за да се обезбеди бесплатно одење на екскурзии и други посети планирани во годишната програма;<br>✓ Мал број на реализирани активности на Ученички парламент;<br>✓ Не постојат пишани процедури за откривање и грижа и заштита на ученици од било која форма на насилство.<br>✓ Непостоење критериум за истакнување на дипломите на учениците што ги добиле на разни натпревари;<br>✓ Недоволна мотивација на наставниците за правилно извршување на работните задачи поради нивно несоодветно вреднување.<br>✓ Опременост на училниците од предметна настава со соодветни нагледни средства по предметите и |

| | |
|---|---|
| ✓ Квалитетно изработени годишни, тематски и дневни планирања на наставниците што се во согласност со Наставните планови и програми донесени од Министерството за образование и наука и Биро за развој на образованието;<br>✓ Наставниците разменуваат искуства и информации при планирањето;<br>✓ Наставниците избираат соодветни задачи и активности користејќи различни ресурси;<br>✓ Континуирано се следат постигнувањата на учениците и се превземаат активности за нивно подобрување;<br>✓ Наставниците со учениците се однесуваат на начин што промовира почитување, помош, соработка и разбирање;<br>✓ Наставниците ги поттикнуваат учениците самостојно и критички да размислуваат и соработуваат;<br>✓ Наставниците остваруваат солидна меѓусебна интеракција како и интеракција со учениците;<br>✓ Наставниците ја поттикнуваат интеракцијата помеѓу учениците;<br>✓ Наставниците ги идентификуваат и почитуваат образовните потреби на учениците;<br>✓ Наставниците користат различни форми, методи и инструменти на оценување;<br>✓ Учениците се запознаени со критериумите и стандардите на оценувањето од страна на наставниците;<br>✓ Наставниците редовно ги известуваат родителите за напредокот на учениците.<br>✓ Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на наставниците и учениците истакнато на видно место; | зголемување на фондот на книги во библиотеката во централното и подрачните училишта;<br>✓ Недоволна опременст во подрачните училишта со ИК технологија (смарт табли и компјутери за учениците);<br>✓ Недостаток на кабинет за природни науки.<br>✓ Отежнато информирање на сите родители за успехот на учениците со примена на е-дневник, поради недостапност до адреси на електронска пошта на некои родители;<br>✓ Да се подобри соработката по активи на предмети, особено меѓу одделенска и предметна настава (да се согледаат сличностите и надминат разликите со креативен стил на дејствување, во рамките на деветгодишното образование;<br>✓ Недоволна вклученост на локалната бизнис заедница и родителите за обезбедување донации и спонзорства за подобрување на инфраструктурата во училиштето. |

| | |
|---|---|
| ✓ Во училиштето постои училишен тим за превенција од насилство со програма за насилство;<br>✓ Соработка со институции во локалната заедница: Министерство за внатрешни работи, Центар за социјални работи, Градски музеј, Центар за култура, Црвен крст, невладини организации и др.;<br>✓ Редовна едукација преку предавања и проектни активности за заштита на учениците од пушење, алкохол и дрога;<br>✓ Училиштето води кампања за здрава исхрана преку проектни активности, предавања од стручни лица и предавања на редовните часови по Биологија и Вештини за живеење;<br>✓ Училиштето дава подршка на учениците со пречки во развојот преку: соработка со родители, наставници и ученици;<br>✓ Во училиштето се организираат хуманитарни акции со цел да им се помогне на учениците од социјално загрозени семејства;<br>✓ Во училиштето се одвиваат активности од проектот Еко училиште;<br>✓ Соработка со средните училишта преку нивни презентации со цел да им се помогне на учениците во нивниот избор за понатамошно школување;<br>✓ Училиштето се грижи за учениците со социо-емоционални потешкотии преку работилници, советодавни разговори со стручната служба и соработка со соодветни институции;<br>✓ Педагошката евиденција се заведува во е-дневник за подобар пристап до успехот на ученикот;<br>✓ Во училиштето се следи и евидентира напредокот на талентираните и успехот на послабите ученици; | |

| | |
|---|---|
| ✓ Се реализираат работилници од Програмата за советување на ученици и родители од страна на стручната служба;<br>✓ Се води редовна грижа за здравјето на учениците со организирање на разни предавања, систематски прегледи, соработка со стоматолошки ординации и изработка на проекти за здрава храна со помош на учениците;<br>✓ Изработен е План за евакуација;<br>✓ Два пати во текот на учебната година, а по потреба и повеќе, се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишните простории.<br><br>✓ Училиштето им дава можности на сите субјекти во образовниот процес активно да се вклучат и меѓусебно да соработуваат;<br>✓ Постигнати се значителни успеси на училиштето на општинско, државно и меѓународно ниво;<br>✓ Работната атмосфера и добрата соработка меѓу стручната служба, наставниците и другите вработени во училиштето овозможуваат позитивна клима во училиштето;<br>✓ Учениците ги знаат своите права и обврски во училиштето;<br>✓ Училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со локалната заедница;<br>✓ Училиштето има демократски избрана училишна заедница;<br>✓ Вработените ги познаваат и почитуваат правата на децата;<br>✓ Училиштето има развиено механизми за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот; | |

| | |
|---|---|
| ✓ Училиштето реализира едукативни работилници за штетното влијание на пороците: дрога, алкохол и пушење;<br>✓ Голема соработка со родители преку Совет на родители;<br>✓ Редовно спроведување на МИО и МИМО активности како самостојни активности, така и заеднички активности со партнер училиштето „Симче Настовски“ од с. Вратница, Јажинце;<br>✓ Реализирање на еколошки активности согласно еко стандардите планирани во Годишната програма.<br>✓ Училишната библиотека секогаш е достапна за учениците и вработените;<br>✓ Наставните средства и помагала ги подобруваат постигнувањата на учениците;<br>✓ Наставните средства и материјали со кои располага училиштето ефикасно се користат во наставата и учењето ;<br>✓ Стручната литература со која располагаат наставниците редовно се користи за реализација на наставните содржини;<br>✓ Потрошниот материјал редовно се набавува;<br>✓ Наставниците ги познаваат професионалните компетеции за нивнен професионален развој;<br>✓ Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за нивен професионален развој;<br>✓ Изнаоѓаат ефективни модели и можности за свој професионален развој и напредување во наставничката професија;<br>✓ Наставниците изработуваат личен план за професионален развој ; | |

| | |
|---|---|
| ✓ Тие ја увидуваат комплексноста на наставничката професија и одговорноста што таа ја носи, се стремат соодветно да ја извршуваат;<br>✓ Постои потреба од дополнување и надградување на знаењата и вештините со континуирана едукација;<br>✓ Континуирано ја унапредува сопствената педагошка пракса врз основа на следењето на промените и новините во системот на образование , врз основа на рефлексија и самоевалуација;<br>✓ Наставниот кадар се информирани за тековните случување, стручните настани во областа на образованието од страна на МОН и БРО и други организации одговорни за спроведување на обуки ;<br>✓ Во училилиштето, од страна на стручната служба континуирано се води педагошки картон и професионално досие за секој наставник ;<br>✓ Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на наставниот кадар.<br>✓ Добра соработка помеѓу Директорот на училиштето, претседателот и членовите на Училишниот одбор, педагошко-психолошката служба, Наставничкиот совет, Советот на родители, Стручните активи;<br>✓ Континуирана соработка со локалната самоуправа на општина Крива Паланка, Биро за развој на образованието МОН, Меѓуопштински центар за социјални работи и други институции;<br>✓ Постои соработка помеѓу: педагошко-психолошката служба и Наставничкиот совет, стручните активи и другите вработени;<br>✓ Континуирана соработка со родителите (Совет на | |

| | |
|---|---|
| родители);<br>✓ Вклученост на училиштето во многубројни проекти од различни области (ЕРАЗМУС програма, АРИСЕ, ВЕЛО УЧИЛИШТЕ);<br>✓ Продлабочување на годишните програми на наставниците во согласност со потребите на учениците;<br>✓ Редовно се одржуваат состаноци на сите органи во училиштето;<br>✓ Буџетот на училиштето се проектира и користи наменски, со цел да се подобри квалитетот на наставата и условите за работа во училиштето. | |

## Училишни приоритети:

- ✓ Подобрување на наставата со набавка на нагледни средства и технички помагала, лектирни изданија и спортска опрема во матичното и подрачните училишта;
- ✓ Поттикнување на наставниците и родителите да покренуваат иницијатива за изменувања и дополнувања на наставните планови и програми;
- ✓ Поттикнување на наставниците и родителите да предлагаат иновации за наставните програми за основно образование;
- ✓ Планирање активности за поддршка на наставниците при оценување на постигањата на учениците со ПОП изготвување на ИОП (Индивидуални образовни планирања);
- ✓ Обука на сите наставници за работа со талентирани и надарени ученици;
- ✓ Континуирано одржување на постоечката техничка опрема (компјутери, печатачи, ЛЦД проектори), навремена замена на неисправната и застарена опрема со нова, како и набавка на нагледни средства и стручна литература;
- ✓ Примена на иновативни форми, методи и техники на учење од страна на сите наставници;
- ✓ Едукација на наставниците за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата, како и за примена на техники и активности со диференциран пристап во наставата.
- ✓ Обука на наставниот кадар за идентификација и работа со ученици со посебни потреби, ученици кои се ментално и физички малтретирани и злоупотребувани, како и ученици со емоционални потешкотии;
- ✓ Набавка на психолошки тестови и техники за утврдување на психолошкиот профил на учениците;
- ✓ Изготвување правилници за награди и признанија за наставниците кои даваат посебен придонес во образовниот процес;
- ✓ Подигање на соработката со родители на повисоко ниво;
- ✓ Соработка со други училишта за размена на искуства и подобра комуникација помеѓу сите структури преку ПМИО;
- ✓ Креирање на електронска (on-line) колаборативна платформа со прашања и предлози;

- ✓ Унапредување на просторните услови кон потребите на учениците, обновување на нагледните средства;
- ✓ Набавка на стручни помагала и литература;
- ✓ Подобрување на условите за следење на настава во подрачните училишта со обезбедување на соодветна ИКТ опрема ;
- ✓ Уредување на кабинет по природни науки;
- ✓ Изнаоѓање на механизам за поголема вклученост на родителите во работата на училиштето во вклучување на електронските дневници и нивна достапност;
- ✓ Зајакнување и проширување на тимската работа помеѓу активите на наставниците;
- ✓ Изнаоѓање на стратегии за мотивирање на локалната бизнис заедница во обезбедување на донации и спонзорства за подобрување на инфраструктурата во училиштето;
- ✓ Изработка на проекти и аплицирање до донатори за подобрување на материјално-техничките услови.

## 6. Мисија и визија на основното училиште

### МИСИЈА

**ПРЕКУ ТИМСКА РАБОТА ПОМЕЃУ НАСТАВНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ВО СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ДА ГРАДИМЕ САМОДОВЕРБА, ОДГОВОРНОСТ, ПОЧИТУВАЊЕ И КРИТИЧКО МИСЛЕЊЕ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ЗА ДА ПОСТИГНЕМЕ ВИСОКИ ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ.**

### ВИЗИЈА

**СОЗДАВАМЕ МОДЕРНО УЧИЛИШТЕ ВО КОЕ СЕКОЈ УЧЕНИК ЌЕ ГИ РАЗВИВА СВОИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ. УЧИЛИШТЕ ВО КОЕ СЕ ПОЧИТУВААТ ПРАВАТА НА ДЕЦАТА, ИНКЛУЗИВНОСТ, СИГУРНОСТ, ЕКОЛОШКАТА СВЕСТ, МУЛТИКУЛТУРНОСТ, КРЕАТИВНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ НА СЕКОЈ УЧЕНИК.**

## 7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период

| **Стратешка цел** | **Развојни цели** |
|---|---|
| **1. Подобрување и унапредување на квалитетот на организирање и реализирање на наставата за подобри постигнувањата на учениците** | 1.1.Подобрување на квалитетот на наставата преку набавка на нагледни средства и помагала |
| | 1.2.Правење на споредбени анализи на успехот на учениците на крајот од учебната година со полугодишната и анализа за изминатите три години во која насока се движи напредокот на учениците по паралелки, како и следење на успехот на учениците при премин од едно во друго образовно ниво. |
| | 1.3.Воспоставување на повисока соработка на Инклузивниот тим за инклузивно образование кој ќе помогне во работата со учениците со посебни образовни потреби. |
| | 1.4. Вклучување на учениците и училишниот парламент при креирање на вон-наставни и слободни активности. |
| | 1.5.Формирање на тимови за работа со надарени и талентирани ученици и ученици со слаби постигања кој ќе помогне во работата со овие категории на ученици. |
| **2. Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар** | 2.1.Изработка на План и Програма за професионален развој на наставниците, со која би се идентификувале потребите за професионален развој на наставниците. |
| | 2.2.Организирање на обуки, семинари и учество во проекти на наставниицте по сите наставни предмети и подрачја. |

| | |
|---|---|
| | 2.3.Развивање на систем за мотивирање и наградување на воспитно-образовниот кадар. |
| **3.Подобрување на инфраструктурата на училиштето** | 3.1. Анализа на моменталната состојба |
| | 3.2.Изготвување на приоритетна листа за потребните просторни и инфраструктурни услови за работа на училиштето во централното и подрачните училишта |
| | 3.3.Анализа на ефектите од подобрената инфраструктура во училиштето |

| | |
|---|---|
| **Стратешка цел: 1** | **Подобрување и унапредување на квалитетот на организирање и реализирање на наставата за подобри постигнувањата на учениците** |
| **Развојна цел 1.1.** | Подобрување на квалитетот на наставата преку набавка на нагледни средства и помагала |
| **Конкретна цел 1.1.1** | Согледување на состојбата во училниците и училишните простории со нагледни средства, техничка опрема и изработка на листа за приоритетни набавки на дидиактички помагала |

| Конкретни цели | Активности (дејствија) | Носители | Ресурси | Година 2022/23 | Година 2023/24 | Година 2024/25 | Година 2025/26 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.1. Согледување на состојбата во училниците и училишните простории со нагледни средства, техничка опрема и изработка на листа за приоритетни набавки на дидиактички помагала | Изработка на приоритетна листа и план за набавка на наставни средства и техничка опрема | Стручна служба, Наставници Директор, Домаќин | Извештаи, компјутер, хартија, принтер | X | X | X | X |

| | |
|---|---|
| **Стратешка цел: 1** | **Подобрување и унапредување на квалитетот на организирање и реализирање на наставата за подобри постигнувањата на учениците** |
| **Развојна цел 1.2.** | Правење на споредбени анализи на успехот на учениците на крајот од учебната година со полугодишната и анализа за изминатите три години во која насока се движи напредокот на учениците по паралелки, како и следење на успехот на учениците при премин од едно во друго образовно ниво. |
| **Конкретна цел 1.2.1** | Правење на споредбени анализи на успехот на учениците од крајот на учебната година со полугодишниот извештај |
| **Конкретна цел 1.2.2** | Правење на анализа за изминатите четири години |
| **Конкретна цел 1.2.3** | Следење на успехот на учениците при премин од едно во друго образовно ниво |

| Конкретни цели | Активности (дејствија) | Носители | Ресурси | Година 2022/23 | Година 2023/24 | Година 2024/25 | Година 2025/26 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2.1. Правење на споредбени анализи на успехот на учениците од крајот на учебната годин полугодишниот извештај | ➢ Анализа на успехот на учениците од крајот на учебната година со успехот на полугодие; | Стручна служба, наставници | Полугодишни извештаи, годишни извештаи, хартија, принтер | X | X | X | X |
| 1.2.2. Правење на анализа за изминатите четири години | ➢ Анализа за изминатите три години во која насока се движи напредокот на учениците по паралелки; | Стручна служба, наставници | Извештаи, хартија, принтер | / | / | / | X |
| 1.2.3. Следење на успехот на учениците | ➢ Воспоставување контакт со | Стручна | Наставни | X | X | X | X |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| при премин од едно во<br>друго образовно ниво | средните училишта;<br>средување на добиени податоци | служба | планови, хартија, | | | | |

| | |
|---|---|
| **Стратешка цел: 1** | **Подобрување и унапредување на квалитетот на организирање и реализирање на наставата за подобри постигнувањата на учениците** |
| **Развојна цел 1.3.** | Воспоставување на повисока соработка на Инклузивниот тим за инклузивно образование кој ќе помогне во работата со учениците со посебни образовни потреби. |
| **Конкретна цел 1.3.1** | Континуирана соработка со инклузивниот тим |
| **Конкретна цел 1.3.2** | Соработка со дефектолог и консултации со стручни лица |

| **Конкретни цели** | **Активности (дејствија)** | **Носители** | **Ресурси** | **Година 2022/23** | **Година 2023/24** | **Година 2024/25** | **Година 2025/26** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.3.1. Континуирана соработка со инклузивниот тим | ➢ Формирање на Тим за инклузивно образование кој ќе помогне во работата со наставниицте, асистентите и родителите | Стручна служба, Тим за инклузивно образование | / | X | X | X | X |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.3.2. Соработка со дефектолог и консултации со стручни лица | ➢ Континуирана помош на наставниците во работата со учениците со атипичен развој | Дефектолог стручна служба, Тим за инклузивно образование наставници, родители | / | X | X | X | X |

| | |
|---|---|
| **Стратешка цел: 1** | **Подобрување и унапредување на квалитетот на организирање и реализирање на наставата за подобри постигнувањата на учениците** |
| **Развојна цел 1.4.** | Вклучување на учениците и училишниот парламент при креирање на наставни, вон-наставни и слободни активности |
| **Конкретна цел 1.4.1** | Активно учеството на учениците во креирање на образовните активности во учичлиштето |

| Конкретни цели | Активности (дејствија) | Носители | Ресурси | Година 2022/23 | Година 2023/24 | Година 2024/25 | Година 2025/26 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.4.1. Активно учењство на учениците во креирање на образовните активности во учичлиштето | ➢ Изработка на програма во која ќе бидат ставени значајни датуми и активности кои можат да ги реалзираат и директно учествуваат ви нивна реализација | Училишен парламент, Училишна заедница, Стручна служба, наставници | Полугодишни извештаи, годишни извештаи, хартија, принтер | X | X | X | X |

| | |
|---|---|
| **Стратешка цел: 1** | **Подобрување и унапредување на квалитетот на организирање и реализирање на наставата за подобри постигнувањата на учениците** |
| **Развојна цел 1.5.** | Формирање на тимови за работа со надарени и талентирани ученици и ученици со слаби постигања кој ќе помогне во работата со овие категории на ученици |
| **Конкретна цел 1.5.1** | Формирање на тим за препознавање на надарени и талентираниученици; |
| **Конкретна цел 1.5.2** | Изработка на мерни инструменти или некој друг модел со наведени индикатори за утврдување на видот на надареноста односно талентираноста на учениците |
| **Конкретна цел 1.5.3** | Развивање на систем за наградување на надарени и талентирани ученици |

| | |
|---|---|
| **Конкретна цел 1.5.4** | Изработка на програма за работа со надарени и талентирани ученици |
| **Конкретна цел 1.5.5** | Развивање на систем за идентификација и следење на учениците со потешкотии во учењето |
| **Конкретна цел 1.5.6** | Обука за работа со ученици со потешкотии во совладување на наставните стандарди и содржини |

| **Конкретни цели** | **Активности (дејствија)** | **Носители** | **Ресурси** | **Година 2022/23** | **Година 2023/24** | **Година 2024/25** | **Година 2025/26** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.5.1. Формирање на тим за препознавање на надарени и талентирани ученици; | ➢ Формирање на Тим за работа со надарени и талентирани ученици, кој ќе помогне во работата со надарени и талентирани ученици. | Стручна лужба, наставници | Стручна литература. хартија, принтер | X | X | X | X |
| 1.5.2. Изработка на мерни инструменти или некој друг модел со наведени индикатори за утврдување на видот на надареноста односно талентираноста на учениците | ➢ Користење на стручна литература;<br>➢ Изработка на инструменти/ индикатори;<br>➢ Употреба на инструментите/ индикаторите во пракса<br>➢ Стандардизирање | Стручна служба, наставници Тим за работа со надарени и талентиран и ученици | Стручна литература. хартија, принтер | X | X | X | X |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.5.3. Развивање на Систем за наградување на надарени и талентирани ученици | ➢ Идентификација и евидентирање, следење на работата.<br>➢ Формирање на Фонд за надарени и талентирани ученици. | Директор, стручна служба, наставници Тим за работа со надарени и талентиран и ученици | Стручна литература. хартија, принтер | X | X | X | X |
| 1.5.4. Изработка на програма за работа со надарени и талентирани ученици | ➢ Консултации со стручни лица; Изработка на примери за вакви планирања;<br>➢ Реализирање на планирањата во пракса; | Тим за работа со надарени и | Стручна литература. хартија, талентиран и ученици, стручна служба, наставници | X | X | X | X |
| 1.5.5. Развивање на систем за идентификација и следење на учениците со потешкотии во учењето | ➢ Идентификација и евидентирање, следење на напредокот; | Дефектолог стручна служба, Тим за инклузивно образование наставници | Хартија, принтер | X | X | X | X |
| 1.5.6. Обука за работа со ученици со потешкотии во совладување на наставните стандарди и содржини | ➢ Консултации со стручни лица;<br>➢ Изработка на примери за вакви планирања;<br>➢ Реализирање на планирањата во пракса<br>➢ Стандардизирањ<br>➢ Учество на обуки, семинари, работилници за деца со потешкотии во учењето | Дефектолог стручна служба, Тим за работа со слаби ученици наставници, родители | Стручна литература, хартија, принтер | X | X | X | X |

| | |
|---|---|
| **Стратешка цел: 2** | **Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар** |
| **Развојна цел 2.1.** | Изработка на План и Програма за професионален развој на наставниците, со која би се идентификувале потребите за професионален развој на наставниците. |
| **Конкретна цел 2.1.1.** | Формирање на Тим за професионален развој |
| **Конкретна цел 2.1.2.** | Изработка на План и Програма за професионален развој |
| **Конкретна цел 2.1.3.** | Изработка на интерни критериуми |

| Конкретни цели | Активности (дејствија) | Носители | Ресурси | Година 2022/23 | Година 2023/24 | Година 2024/25 | Година 2025/26 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.1. Формирање на Тим за професионален развој | ➢ Формирање на Тим за професионален развој;<br>➢ Спроведување на анкетен прашалник за идентификација на потребите на наставниот кадар за професионален развој | Тим за професионален развој, стручна служба, наставници | Онлајн анкетен прашалник | X | X | X | X |
| 2.1.2. Изработка на План и Програма за професионален развој | ➢ Изработка на План и Програма за професионален развој врз база на спроведените анкети; | Тим за професионален развој, стручна служба, наставници | Резултати од анкетен прашалник, хартија, принтер | X | X | X | X |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.3. Изработка на интерни критериуми | ➢ Изготвување на интерни критериуми за следењето на напредување на наставниците и нивното вреднување | Тим за професионален развој, стручна служба, наставници | Хартија, принтер | X | / | / | / |

| | |
|---|---|
| **Стратешка цел: 2** | **Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар** |
| **Развојна цел 2.2.** | Организирање на обуки, семинари и учество во проекти на наставниицте по сите наставни предмети и подрачја. |
| **Конкретна цел 2.2.1.** | Организирање на интерни обуки |
| **Конкретна цел 2.2.2.** | Надворешни обуки, семинари и работилници |
| **Конкретна цел 2.2.3.** | Дисеминација на проектите |
| **Конкретна цел 2.2.4** | Отворени часови и работилници |

| **Конкретни цели** | **Активности (дејствија)** | **Носители** | **Ресурси** | **Година 2022/23** | **Година 2023/24** | **Година 2024/25** | **Година 2025/26** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.2.1 Организирање на интерни обуки | ➢ Спроведување на интерни обуки и работилници според потребите | Тим за професионален развој, стручна служба, наставници | Презентации, ЛЦД проектор, хартија, принтер | X | X | X | X |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.2.2. Надворешни обуки, семинари, работилници | ➢ Реализација на надворешни обуки, семинари, работилници; | МОН, БРО и други институции, стручна служба, наставници | / | X | X | X | X |
| 2.2.3. Дисеминација од проектите | ➢ Организирање на дисеминација од проекти (според<br>➢ потребите) | Тим за професионален развој, стручна служба, наставници | Презентации, ЛЦД проектор, хартија, принтер | X | X | X | X |
| 2.2.4. Отворени часови, работилници | ➢ Организирање на отворени часови, работилници | Тим за професионален развој, стручна служба, наставници | Презентации, ЛЦД проектор, хартија, принтер | X | X | X | X |

| | |
|---|---|
| **Стратешка цел: 2** | **Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар** |
| **Развојна цел 2.3.** | Развивање на систем за мотивирање и наградување на воспитно-образовниот кадар |
| **Конкретна цел 2.3.1.** | Формирање на комисија за изработка на критериуми за наградување на воспитно - образовниот<br>Кадар |
| **Конкретна цел 2.3.2.** | Изработка на план за напредување на наставниците |
| **Конкретна цел 2.3.3.** | Анализа на ефектите врз мотивацијата на наставниците |

| Конкретни цели | Активности (дејствија) | Носители | Ресурси | Година 2022/23 | Година 2023/24 | Година 2024/25 | Година 2025/26 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.3.1. Формирање на комисија за изработка на критериуми за наградување на воспитно- образовниот када | ➢ Формирање на Комисија за изра- ботка на критериуми за наградување на воспитно-образовниот кадар | Тим за професионален развој, стручна служба, наставници | Стручна литература. хартија, принтер | X | X | X | X |
| 2.3.2. Изработка на план за напредување на наставниците | ➢ Изготвување на план за напредување на наставниците и нивното вреднување | Комисија за напредување на наставниците, стручна служба, наставници | Стручна литература. хартија, принтер | X | X | X | X |
| 2.3.3 Анализа на ефектите врз мотивацијата на наставниците | ➢ Изготвување на анализа на ефек- тите врз мотивацијата на наставниците | Комисија за напредување на наставниците, стручна служба, наставници | хартија, принтер | X | X | X | X |

| | |
|---|---|
| **Стратешка цел: 3** | **Подобрување на инфраструктурата на училиштето** |
| **Развојна цел 3.2.** | Изготвување на приоритетна листа за инфраструктурни интервенции за подобрување на условите за работа на училиштето |
| **Конкретна цел 3.2.1.** | Замена на дограма и уредување на гардеробите во спортската сала |
| **Конкретна цел 3.2.2.** | Реновирање на спортскиот терен (игралиште) во централното училиште |
| **Конкретна цел 3.2.3.** | Уредување на училишниот двор во ПОУ Илинден с.Конопница |
| **Конкретна цел 3.2.4.** | Реновирање на училишната сала во ПОУ Илинден с.Треставица |
| **Конкретна цел 3.2.5.** | Хортикултурно и со едукативни содржини уредување на дворот во централното училиште |

| **Конкретни цели** | **Активности (дејствија)** | **Носители** | **Ресурси** | **Година 2022/23** | **Година 2023/24** | **Година 2024/25** | **Година 2025/26** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.1. Замена на дограма и уредување на гардеробите во спортската сала | Изработна на план за реновирање Доставување на апликација до МОН | Директор, Комисија за Развојна програма на училиштето | Подготвена техничка документација | **X** | | | |
| 3.2.2.Реновирање на спортскиот терен (игралиште) во централното училиште | Изработна на план за реновирање Доставување на апликација до МОН, ЛС и Агенција за млади ис порт | Директор, Комисија за Развојна програма на училиштето | Подготвена техничка документација | | **X** | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.3.Уредување на училишниот двор во ПОУ Илинден с.Конопница | Изработна на план за реновирање Доставување на апликација до МОН, ЛС и Агенција за млади ис порт | Директор, Комисија за Развојна програма на училиштето | Подготвена техничка документација | | X | | |
| 3.2.4.Реновирање на училишната сала во ПОУ Илинден с.Მождивњак | Изработка на техничка документација | Директор, Комисија за Развојна програма на училиштето | Предлог проект | | | X | |
| 3.2.5. Хортикултурно и со едукативни содржини уредување на дворот во централното училиште | Изработка на техничка документација | Директор, Комисија за Развојна програма на училиштето | Предлог проект | | | X | |

## 8. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Семејствата и родителите на нашите ученици редовно се информирани и вклучени во сите активности кои ги планира и реализира училиштето. Родителите редовно се информираат за работењето на училиштето преку индивидуалните и групни родителски средби, седниците на Совет на родители и брошурите за родители. Родителите се вклучуваат во организација на спортски манифестации и ликовни изложби, организација и реализација на приредби, излети и научни посети, поставување на декор, украсување на училиштето, реализација на предавања за унапредување на здравјето (лекар и стоматолог) и реализација на настава (експерти од одредени професии).

Соработката со семејствата на учениците е од особена важност за подобрување на успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на ученикот. Соработката со одделенскиот раководител, наставниците и стручната служба со цел континуирано и редовно информирање на родителот на ученикот придонесува за надминување на пројавените проблеми.

Преку соработката на одделенскиот раководител со стручната служба, родителите навремено се информираат за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација и детектирани проблеми на ученикот. Родителите и семејството имаат увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето.

Информирањето и соработката меѓу училиштето и родителите се остварува преку: општи родителски средби, индивидуални средби со родителите, телефонски и писмени контакти, состаноци на Советот на родители, советување на родители и ученици, посета на отворени часови, работилници со родители на критични групи ученици, вклучување во проекти и работилници кои се реализираат во училиштето.

Работата на Советот на родители придонесува за осовременување на условите за работа и унапредување на реализација на наставата и воннаставните активности во училиштето.

Во Совет на родители е вклучен родител како претставник од секое одделение. Советот на родители се ангажира за подобрување на успехот и поведението на учениците, односот на ученикот со наставникот и соучениците, намалување на изостаноците, осовременување на наставата и нејзино прилагодување на потребите на учениците

Родителот секојдневно се информира за постигнувањата и развојот на неговото дете ( разговор, e-mail, смс порака итн.), а од него се добиваат информации неопходни за планирањето, реализацијата и следењето на воспитно - образовната работа, постојано информирање за состојбите во процесот на учење, поддршка во работата на ученици со потешкотии во развојот и поддршка и за напредување на талентираните ученици (надарени ученици). Родителите самите даваат придонес во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства со што се олеснува самиот процес на учење. Родителите усно и писмено се известуваат за успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на ученикот и во соработка со нив се работи на помош на ученикот за надминување на пројавените проблеми. Преку соработката на одделенскиот раководител со психологот, родителите навремено се информираат

за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација и детектирани проблеми на ученикот. Родителите и семејството имаат увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето.

Соработката со родителите се остварува преку: општи родителски средби, индивидуални средби со родителите, телефонски и писмени контакти, посета на семејството на ученикот (класен раководител, психолог, директор), состаноци на Советот на родители, советување на родители и ученици, работилници со родители на критични групи ученици, информирање, вклучување во проекти и работилници кои се реализираат во училиште.

## 9. Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО

Во текот на наредните четири години училиштето продолжува да соработува со МОН, БРО, ДПИ, Сектор за основно образование како дел од општината, актив на директори на ниво на Општина, детска градинка, други основни и средни училишта, факултети и др. Соработката ќе се реализира преку сите видови контакти, комуникација (пишана, електронска, усна), преку посети на училиштето, организирање обуки и семинари, работилници, хепенинзи, квизови на знаења, приредби, спортски натпревари. Нашето училиште соработува и со голем број спортски друштва. Активностите ќе се реализраат преку учество на нашите ученици на локални, градски и државни натпревари во разни спортови. На овој начин ќе се поттикнува и спортскиот и натпреварувачкиот дух кај учениците.

Бидејќи грижата за здравјето на учениците е една од најзначајните задачи во воспитно-образовниот процес, нашето училиште на овој план соработува со здравствените институции во нашата општина. Преку соработката со овие институции, училиштето перманентно, превентивно и континуирано ќе го заштитува здравјето на учениците.

Училиштето продолжува со соработката и со бројни невладини организации: УНИЦЕФ, Национална агенција за образование и мобилност, OSCE, Europe House, Чекор по чекор, EduSkills, и др. Соработката е заснована на заедничките заложби за унапредување на воспитно– образовниот процес.

## 10. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| **Организација и реализација на наставата и учењето**<br><br>**Подобрување и унапредување на квалитетот на организирање и реализирарање на наставата** | - Собрани согледувања на крајот на учебните години од членови на групата за ова подрачје на самоевалуација (записници од одделенски совети, наставнички совети, годишни извештаи, анкети и сл.) | Директор<br>Стручна служба<br>Одговорен наставник за ова подрачје од самоевалуацијата | Наставнички совет<br>Совет на родители,<br>УО |
| **Унапредување на професионалниот развој на наставниците и стручните соработници** | -Извештаи, записници, презентации,изработени проекти, слики од реализирани активности, анкети, годишни извештаи на училиштето | Директор<br>Стручна служба<br>Одговорен наставник за ова подрачје од самоевалуацијата<br>Тим за професионален развој | Наставнички совет<br>Совет на родители<br>УО |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Подобрување на инфраструктурата на училиштето** | Јавни набавки, Извештаи, записници, изработени проекти, слики од реализирани активности, годишни извештаи на училиштето | Директор<br>Стручна служба<br>Одговорно лице за јавни набавки | Наставнички совет<br>Совет на родители<br>УО |

## 11. Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на Развојната програма за работа на училиштето и реализацијата на предвидените активности во наредниот четиригодишен период, ќе се настојува да се реализира со активно следење и евалуирање на активностите од членовите на работните групи на приоритетните подрачја за самоевалуација. Тие тоа ќе го реализираат преку: прашалници, документи, записници и протоколи, дискусии, интервјуа, увид во работата на учениците, процес на набљудување, независни евалуациони извештаи и други инструменти***.***

## 12. Заклучок

Развојниот план и програма за работа на училиштето во периодот од 2022-2026 година, се изготви врз база на последните два извештаи од спроведените самоевалуации, полугодишниот и годишниот извештај за работа на училиштето како и резултатите од последната интегрална евалуација од страна на ДПИ. Беа разгледани сите предности и недостатоци во училиштето, силните и слабите страни во досегашното работење на училиштето, како и пречките во остварувањето на одредени приоритетни подрачја во изминатата развојна програма на училиштето во периодот од 2018 – 2022 година. Врз основа на целата оваа документација, се изработи SWOT анализата,а потоа Комисијата разгледа и донесе одлука кои цели/предлози за подобрување од подрачјата ќе ги земе за приоритетни во оваа развојна програма.

Преку развојната програма се обидовме да ги проектираме идеите. Со Развојниот план беше направено обединување на сите идеи во рамките на тимската работа во училиштето, се придонесе за развивање на меѓусебната доверба и почит, подобрена клима во училиштето, добра комуникација и секако преземање на одговорност за унапредување на работата на училиштето.  На самиот почеток беше согледана состојбата и направена анализа на истата. При тоа во предвид се имаше мотивираноста на наставниците, и нивната подготвеност за прифаќање на новите задачи. Анализата на состојбата се однесуваше на согледување на моменталната состојба во училиштето, на неговите силни односно слаби страни, потоа утврдување на ресурсите со кои располага училиштето / материјално-техничките, опремата, финансиските средства, човечките потенцијали, културните установи, невладините организации и сл. Беше определена мисијата и утврдена визијата на училиштето, односно какво треба да биде нашето училиште за определен временски период.

Процесот на определување на подрачјата на промени исто така беше од клучно значење во изготвувањето на Развојниот план на училиштето . При селекцијата на приоритетите се водеше сметка за потребите на учениците и наставниците, специфичностите на училиштето, ресурсите, можностите и законите и слично. Можеме да заклучиме дека училишното развојно планирање претставува организиран, систематизиран и институционализиран процес којшто е континуиран и творечки.

Тој се заснова на постојано истражување, анализирање и откривање на сопствените потреби на училиштето како и осмислување на начинот на кој тие потреби ќе се задоволат. Училиштето во континуитет ја подобрува својата работа, ги имплементира новите сознанија, поставува нови цели и успешно се справува со новите предизвици.

## 13. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште

**Директор:**

Лорета Димитровска

**Тим за изработка на Развојниот план**

Добри Јовевски
Анета Трајковска
Јасминка Станковска
Моника Дејановска
Маја Митровска
Анита Илиевска

## 14. Користена литература и извори на информации


Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма

Стратегија за образованието за 2018-2025 година

Концепција за воннаставни активности во основно образование

Концепција за државно тестирање

Концепција за инклузивно образование

Самоевалуација на училиштето 2019/2022 година

Извештај од интегрална евалуација

Годишен извештај 2022 година

Годишна програма за работа на училиштето 2022/2023 година

# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА

## *за работа*

## *на ООУ„Илинден“-Крива Паланка*

**за период 2022-2026 година**

**в.д. Директор**
**Лорета Димитровска**

____________________

**Претседател на Училишен одбор**
**Благородна Стојнева**

____________________